# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 9 Ноември 2011 година<br>Службен гласник број 12<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ - СПОМЕН ПЛОЧИ ПОСТАВЕНИ НА СКВЕР (ПАТЕКА) ВО ЧЕСТ НА СЛАВНИТЕ ЛИЧНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ОД ПРИЛЕП**

1. Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - спомен плочи поставени на сквер (патека) во чест на славните личности од областа на културата од Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2142/1
09.11.2011 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на РМ" бр. 66/2004), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), член 5 од Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - спомен плочи поставени на сквер (патека) во чест на славните личности од областа на културата од Прилеп, ("Службен гласник на Општина Прилеп" 4/2010) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 03.11.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - спомен плочи поставени на сквер (патека) во чест на славните личности од областа на културата од Прилеп

**Член 1**

Со оваа Одлука во чест на славните-значајните личности од Прилеп, се подига спомен обележје - спомен плочи, како партерно уредување на просторот .

**Член 2**

Локацијата на Спомен плочите заедно со целото партерно решение се наоѓа на плоштадот пред Центарот за култура "Марко Цепенков"во Прилеп, на кое место според Техничката документација има предвидено 65 спомен плочи.

**Член 3**

Спомен плочите ќе бидат изработени од локални материјали - гранит и мермер, на кои ќе бидат впишани имињата на славните личности од Прилеп од областа на културата.

**Член 4**

Спомен плочи ќе им бидат поставени на Славни личности од Прилеп од областа на културата и тоа :

- од областа на драмската уметност на: Кирил Ристовски; актер, професор и декан на Факултетот за драмски уметности.

- од областа на литературно-издавачката дејност на: Миле Попоски, Македонски драмски писател.

**Член 5**

За реализација на иницијативата за подигање на Спомен обележјето е задолжено Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови.Одговорно лице - координатор на активностите е Бранко Нешкоски, дипломиран инженер архитект, директор на ЈП за ПУП.

**Член 6**

Советот на Општината ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележјето.

**Член 7**

Потребните средства за подигањето на спомен обележјето се обезбедени од Буџетот на Општина Прилеп.

**Член 8**

Потребните средства за чување на обележјето ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Прилеп.

**Член 9**

Рокот за подигање на спомен обележјето е мај 2012 година.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2092/2
04.11.2011 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАВАЧ
на седница на
на Советот на Општина Прилеп
Прим. д-р.Благоја Дамески

**АКТ ОД КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ**

Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 ) и член 4 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија број 08 - 1281/5 од 03.10.1997 година, Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници, на седницата одржана на ден 27.10.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за доделување на награди и признанија по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп

**Член 1**

***<u>Наградата за животно дело - Златна плакета,</u>*** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп, се доделува на **Блаже Алексоски, актер и писател,** кој својот живот го посвети на собирање на шегобијни идеи опишани во многу книги во кои ги забележа духовните богатства на нашиот народ и исцрпно ги пренесува духовните сили и идеи на наши значајни личности од Прилеп.

**Член 2**

**<u>Наградите - плакети</u>** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп се доделуваат на:

- **USAID - Американска агенција -** за поддршка на голем број на проекти од областа на образованието**,** а посебно трите проекти во средните општински училишта: СОУ "Орде Чопела" Проект "Пекара" , СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Проект "Механичарска работнилница", СОУ "Ѓорче Петров" - Проект "Машина за обработка на дрво" и ООУ "Блаже Конески" - Проекти: "Промена на подови" и "Нови парни котли" и донирана опрема за роботека, која ке се користи за настава по техничко образование.
- **Министерство за образование**, за придонесот во изградбата на отворен и одговорен образовен систем, кој ќе одговара на целите и потребите на модерното општество.
- **Друштво за наука и иметност - Прилеп** за поттикнување и развој на научната мисла, унапредување на индивидуалното и заедничкото научно творештво како и обединување на научните работници и координација на нивната творечка активност.
- **ООУ "Рампо Левката - Прилеп,** заради подобрување на условите за учење и работа за оние кои учат и работат во училиштето.
- **ООУ "Гоце Делчев",** за успешно реализирање на приоритетните активности, кои произлегуваат од барањата на Националната програма за развој на образованието, како и Концепцијата за деветгодишно образование.
- **Одделение за премер и катастар - Прилеп** за напредокот и модернизацијата во работењето и постигнатите резултати со имплементација на Проектот "Катастар на недвижности и регистрација".
- **Трговско друштво "93 Де-ни компани" - Прилеп,** за постигнати резултати во производство на мебел за домаќинство и административни простори како и постигнатите позитивни резултати во своето работење и несебичното учество на сите донаторски конференции во нашата општина.
- **Печатница "Ацетони" - Прилеп,** за успешно работење и придонес кон развојот на приватниот бизнис.
- **Национален ресторан "Македонска куќа" - Прилеп,** зарадо промоција на локалните и националните специјалитети и автентичниот Македонски амбиент.

- **Клуб - Советувалиште за лекувани алкохоличари "Прим.д-р Методија Николоски - Мец" - Прилеп,** за придонесот во борбата против алкохолизмот со организирање на постојани хуманитарни акции и превентивни предавања во сите Прилепски училишта.
- **КУД "Мирче Ацев" - Прилеп,** заради негување на традицијата на богатиот Македонски фолклор и успешен репрезент на Македонската и Прилепската култура.
- **Невладина организација "Рома Сос" - Прилеп,** за придонесот во подобрувањето на интеграцијата на ромите во општеството покренувајќи најразлични прашања во однос на позицијата на Ромите, со посебен акцент кон жените ромки.
- **Танцов спортски клуб "Темпо" - Прилеп,** заради успешна едукација на деца од областа на танцови активности, а посебно во изучување на латино-американски танци и стандардни танци.
- **Пинпонгарски клубови "Младост" и "Младост 96" - Прилеп,** за постигнати резултати во машка и женска категорија од пионери, младинци до сениори во поединечна и екипна конкуренција.

**Член 3**

***<u>Наградите - дипломи</u>*** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп, им се доделуваат на:

- **М-р. Д-р. Дејан Ристески, офталмолог,** заради неговиот придонес во областа на офталмологијата и афирмацијата на Градската болница.
- **СЦИ. Д-р. Петар Ристески, кардиохирург,** кој живее и работи во Германија заради неговиот придонес во кардиохирургијата и афирмацијата на нашиот град и држава
- **Елена Велеска естраден уметник,** заради нејзиниот придонес во зачувувањето и развојот на Македоската песна во европските и прекуокеанските земји.
- **Миле Боболески, дипл. инж. архитект,** заради неговите современи концептуални урбанистички решенија за градот и архитектонски творби во доменот на семејното домување.
- **Тренчо Димитриоски, публицист и писател,** за неговата долгогодишна активност и творечка дејност во областа на литературата, новинарството и истражувањата во областа на археологијата, етнологијата и историјата.
- **Зоран Момироски, новинар,** за постигнати резултати од областа на новинарството.
- **Миле Петрески, дипломиран економист по бизнис економија,** заради неговиот придонес во телефон монтажата.
- **Бранко Конески, вајар,** заради неговото творештво во областа во вајарството и промоција во уметноста и културата.
- **Ило Тутунџиоски - бербер,** за зачувување на традицијата, добриот еснафски и човечки однос кон сето она што значи човечки вредности.
- **Бранко Најдоски - Метларот,** за зачувување на занаетот метлар како и успешното претставување како носител на најдобра маска на карневалите во Прилеп и Струмица.
- **Миле Нешкоски, постхумно,** како заслужен спортист за развојот на ракометот во градот.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2050/1
28.10.2011 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници
Примариус Д-р Благоја Дамески

# СОДРЖИНА
## на "Службен гласник на општина Прилеп" бр. 12 од 09.11.2011 година

1. Одлука  за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - спомен плочи поставени на сквер (патека) во чест на славните личности од обласна на културата од Прилеп.................................................**Стр. 1**

**АКТ  ОД  КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ  ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ**

2. Одлука  за доделување на награди и признанија по  повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп.............................................**Стр. 2**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен  уредник: Марјан Ристески – Градоначалник  на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска.  Печати: Одделение за правни  работи. Тираж: 60 примероци.**